УНИВЕЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ

„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
СКОПЈЕ

**10**

**2023**

Скопје, мај 2024

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Борисов, декан

Уредници: доцент д-р Стефан Гоговски и м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје

Тираж 3 примероци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
25.09.2023
258/1

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА ХРИСТИЈАНСКА ПЕДАГОГИЈА НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот „Вечер“ бр.18235 на 12 јуни 2023 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа Христијанска педагогија, Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на својата VII редовна седница, одржана на 04.07.2023 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Анета Баракоска – редовен професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски – редовен професор на Православниот богословски факултет во Скопје и проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ – редовен професор на Православниот богословски факултет во Скопје.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет во Скопје да го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само д-р Анета Јовковска, доцент на Православниот богословски факултет во Скопје. Кон пријавата, таа ги поднесе потребните документи согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Анета Јовковска е роден на 19.11.1978 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршила во Скопје.

Во учебната 2000/01 година дипломирала на Православниот богословски факултет во Скопје со просечен успех 8,92. Во 2011 година завршила специјалистички студии по методика на религиската настава на Факултетот за Образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Откако ги положила испитите со просечна оценка 9,16, успешно го одбранила специјалистичкиот труд: „Дидактички аспекти на православното христијанско образование“ и се стекнала со научен назив професор – специјалист по методика на наставата по религиско образование. Во 2012 година магистрирала на Институтот за Психологија при Филозофскиот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Откако ги положила испитите со просечна оценка 8,20, успешно го одбранила магистерскиот труд: „Критериуми за оценување на постигнувањата на учениците од основно училиште кај наставници со различни стилови на работа“ и се стекнала со научен степен магистер на психолошки науки. На 10 јуни 2015 година докторирала на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема: „Образованието,

духовноста и вредносните ориентации кај адолесцентите" и се стекнала со научен назив: доктор по педагошки науки – теориско-компаративна педагогија.

Од септември 2017 година, д-р Анета Јовковска започнала едукација во Гешталт центарот „Младен Костиќ – Аспекти" во Скопје, акредитиран од Европската акредитација за гешталт психотерапија (ЕАГТ).

Од 01.02.2009 година до денес, д-р Анета Јовковска работи на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, каде што Наставно-научниот совет најпрво ја избрал за помлад асистент (2009), потоа за асистент (2012) по предметите: христијанска педагогија и методика на религиската настава, а во 2019 година за доцент од областа христијанска педагогија.

## 2. Оцена на научните, стручните, педагошките и другите остварувања на кандидатот

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Д-р Анета Јовковска успешно и посветено ја изведува наставата на Православниот богословски факултет во Скопје, по предметите: *христијанска педагогија, христијански методика на наставата, историја на религиите* и *дидактика*.

За реализација на наставата по сите наведени предмети, д-р Анета Јовковска има креирано соодветни материјали и интерни скрипти за предавања и вежби.

Д-р Анета Јовковска наставната работа ја врши со ентузијазам и ангажираност почитувајќи ги современите барања на наставната работа според ЕКТС и новите идеи што значително влијае врз осовременувањето на планирањето, организацијата и реализацијата на предавањата и вежбите по предметите за кои е избрана. Сите активности поврзани со наставната дејност ги завршува со задоволство, точно и компетентно.

Во поглед на наставната дејност, кандидатката добива високи позитивни оценки од евалуацијата спроведена на Православниот богословски факултет во периодот од 2019 до 2023 година (просечна оценка 9,99).

Постигнатите поени според Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност од **67,75** поени точно покажуваат колкав е ангажманот на д-р Анета Јовковска во **наставно-образовната дејност.** Имено, д-р Анета Јовковска ги надминува по оваа основа предвидените критериуми согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

### 2.2. Научно истражувачка дејност

Во делот на научно истражувачката работа во изминатиов период, д-р Анета Јовковска го разви својот научен потенцијал и го продлабочи својот истражувачки интерес во областа за која беше избрана за доцент.

Во Извештајот одвојуваме неколку нејзини оригинални научни труда, како позначајни, објавени во повеќе научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во неколку електронски бази на списанија, односно во: EBSCO HOST, SCOPUS, и SJR - Scimago Journal-Q4, како и трудови со оригинални научни резултати, објавени

во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор:

- Aneta Jovkovska, "Is There Discrimination Against Women by the Orthodox Church in the Republic of North Macedonia?" Occasional Paper on Religion in Eastern Europe, ISSN 2693-2148, Volume 41, Issue 6, Article 5, George Fox University, 2021.
- Gjorgjevski, Gjoko; Cacanoska, Ruzhica; Blazhevski, Ivan; and Jovkovska, Aneta, "Macedonian Orthodox Church-Archbishopric of Ohrid and Its Arduous Road to Autocephaly," Occasional Papers on Religion in Eastern Europe: Vol. 42 : Iss. 6 , Article 2, George Fox University, 2022. DOI: https://doi.org/10.55221/2693-2148.2367.
- Jovkovska Aneta, Gjorgjevski Gjoko, "Christianity and Islam in the Context of Contemporary Culture: New Perspectives on Dialogue and Mutual Understanding", Religious Dialogue and Cooperation, No 3/2022 Volume III, UDC: 316.342.7(497.771/.772), Faculty of Filosophy, Skopje, 2022 (52-60).
- Јовковска Анета, „Воспитување во стравот Господен како почеток на мудроста",Зборник на трудови од Меѓународната конференција „Света Софија – Премудроста која си изгради дом", Охрид - Струга 11-13 октомври 2019, Скопје: Контура, 2020 (233-248).
- Jovkovska Aneta, "Education as a universal human value", Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences. Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy (Struga, Sept. 2–5 September 2020), Duev Ratko et al. (ed.). Skopje: Faculty of Philosophy 2021, (395-406).
- Јовковска Анета, „Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци", Religion – Proceeding of the 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 13-14 November, 2020, Уредник: Митко Б. Панов, Скопје: Институт за национална историја, 2021.
- Јовковска Анета, „Образовната идеологија во Византија", Ideology – Proceeding of the 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 12-14 November, 2021, Уредник: Митко Б. Панов, Скопје: Институт за национална историја, 2022.
- Јовковска Анета, „Принципи на работа на наставникот во сферата на духовното воспитание и образование", *Годишен зборник. Книга 21-22.* Православен богословски факултет, Скопје, 2015-2016 (123- 138).
- Јовковска Анета, „Карактеристики на динамичните компоненти на духовното воспитание како педагошки процес", *Годишен зборник. Книга 23-24.* Православен богословски факултет, Скопје, 2017-2018 (41- 60).
- Јовковска Анета, „Методи и принципи на воспитанието на децата во Стариот и Новиот завет", *Годишен зборник. Книга 25-26.* Православен богословски факултет, Скопје, 2019-2020 (79- 94).

- Јовковска Анета, „Местото и улогата на жената во Црквата и општеството (I дел)“, *Годишен зборник. Книга 27.* Православен богословски факултет, Скопје, 2021 (73- 88).

- Јовковска Анета, „Местото и улогата на жената во Црквата и општеството (II дел)“, *Годишен зборник. Книга 28.* Православен богословски факултет, Скопје, 2022 (61- 74).

Од анализата на приложените трудови утврдивме дека тие се од областа на христијанската педагогија, а се забележува и отворање на нејзиниот истражувачки интерес кон нови теми, како на пример: местото и улогата на жената во Православната црква. Трудовите на кандидатката д-р Анета Јовковска ја покажуваат нејзината посветеност и способност за продлабочен научен пристап за проучување на педагошките феномени, состојби и предизвици на христијанското образование и воспитание. Презентираните научни сознанија во трудовите укажуваат дека солидно ја владее научно истражувачката проблематика од областа за која се избира.

Централен труд во научно-истражувачката дејност на д-р Анета Јовковска е „Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци“, објавен во Religion – Proceeding of the 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies “Days of Justinian I”, Skopje, 13-14 November, 2020. Во овој труд д-р Анета Јовковска ги идентификува главните методи на педагошката пракса во делата на ранохристијанските отци на Црквата, како што се: делото „Педагог“ од свети Климент Александриски, Избраните Творенија од свети Василиј Велики и беседите на свети Јован Златоуст.

Во овој труд д-р Анета Јовковска доаѓа до заклучок дека педагошките погледи на споменатите светители се синтеза на древноисточната (поточно библиската) и античката традиција на воспитанието. Од древниот исток доаѓа непосредноста на педагошкото делување, структурирањето и нагласувањето на волјата и чувствата, а од антиката – систематичноста, тенденцијата за анализа, односот кон воспитанието како независна област на човековата дејност и зголемено внимание кон техниката на педагошкото дејствување. Несомнено, тука не станува збор за механичка комбинација на традициите, туку за нивна креативна синтеза.

Овој осврт кон делата на свети Климент Александриски, свети Василиј Велики и свети Јован Златоуст и нивното големо значење за христијанската педагогија остава простор да се увиди стварноста зошто делата на овие светители се подеднакво актуелни и во денешно време.

Своите истражувања, д-р Анета Јовковска ги претставила на повеќе меѓународни конференции:

- Меѓународната научна конференција „Света Софија – Премудроста која си изгради дом“, реферат на тема: „Воспитување во стравот Господен како почеток на мудроста“, Охрид - Струга 11-13 октомври 2019.
- Меѓународна научна конференција „Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences“, реферат на тема: “Education as a universal human value”, Struga, 2–5 September 2020.
- Меѓународен научен симпозиум „Religion – 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies Days of Justinian I“, реферат на тема „Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци“, Skopje, 13-14 November, 2020.
- Меѓународен научен симпозиум „Ideology – 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies Days of Justinian I“, реферат на тема „ Образовната идеологија во Византија “, Skopje, 12-14 November, 2021.

- "2nd European Conference for Religious Dialogue and Cooperation", реферат на тема: "Christianity and Islam in the Context of Contemporary Culture: New Perspectives on Dialogue and Mutual Understanding", Struga, 13-16 June 2022.

Од големо значење за целокупната научно-истражувачка дејност на д-р Анета Јовковска е нејзиниот придонес во меѓународен научен проект. Имено, кандидатката д-р Анета Јовковска е член на Комитетот на меѓународниот научен проект: COST Action: CA21143 - Transnational Family Dynamics in Europe (2022 – 2026).

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), може да се констатира дека д-р Анета Јовковска од областа на **научно-истражувачката дејност** остварила вкупно **59** бодови и со тоа го надминала лимитот на бодови кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## 2.3. Стручно-применувачка дејност и дејности од поширок интерес

Во периодот од 2019 до 2023 година, д-р Анета Јовковска во стручно-применувачка дејност и дејностите од поширок интерес, своето внимание го фокусирала на следниве активности:

- Превод на книги од стручна област;
- Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри;
- Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија, како:
  - Член на Координативното тело за кредит-трансфер системот на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје;
  - Член на Комисијата за еквиваленција на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје;
  - Претседател на комисијата за изготвување студентски анкети при Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје;
  - Член на уредувачки одбор за Билтенот на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје;
  - Претседател на одборот за соработка и доверба при Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје;
  - Раководител на програмата за втор циклус студии на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје;
  - Раководител на програмата за трет циклус студии на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје;
  - Член на Универзитетски сенат при УКИМ;
  - Член на Универзитетска изборна комисија за избор на ректор при УКИМ;
  - Автор на две наставни програми за четврто одделение – деветгодишно основно училиште;
  - Коавтор на две наставни програми за шесто одделение – деветгодишно основно училиште;
  - Член на факултетска комисија за приемен испит на додипломски студии (2021);
  - Секретар на Годишниот зборник на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје (од 2023).

Во контекстот на оваа дејност особено го истакнуваме нејзиниот ангажман како член на Универзитетскиот Сенат при УКИМ, авторството на наставните програми за основно образование, раководството на проектите: Empowering women through capacity building, personal development and self-confidence " (2020), „I can say NO - psychological-educational workshops" (2021), координацијата на проектот: Follow Me: The life of Jesus in Macedonian Sign Language" при Македонското библиско здружение (2016-2023) и преводот на книгите: „Библиски четива – Илустрирана Библија за млади" и „Библија за млади читатели".

Забележителни се и нејзините активности на Православниот богословски факултет во Скопје по однос на нејзиното активно и посветено раководење на програмите за вториот и третиот циклус студии.

Врз основа на Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Образец 2 (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), може да се констатира дека д-р Анета Јовковска од областа на **стручно-применувачката дејност** остварила вкупно **20,7** бодови и **6** бодови од дејности од поширок интерес и со тоа го надминува лимитот кој е неопходен за избор во звањето вонреден професор.

***ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ***

Членовите на Рецензентската комисија, по разгледувањето на целокупно доставената документација од кандидатката, констатираа дека д-р Анета Јовковска ги исполнува општите и посебните услови од конкурсот. Врз основа на целосно презентираниот научен, наставен и стручен ангажман на д-р Анета Јовковска може да се согледа дека станува збор за афирмиран научен истражувач, со препознатлива физиономија и темелност во областите во кои повеќе години работи.

Рецензентската комисија заклучи дека, во периодот меѓу двата избора, кандидатката д-р Анета Јовковска ги усовршува своите научно-теориски знаења и практични наставни искуства и континуирано и посветено работи на унапредување на квалитетот на наставниот процес. Имајќи го предвид дадениот придонес во реализацијата на наставините предмети од областа на христијанската педагогија, учеството во останати активности на прв и втор циклус на студии, работата со студенти како ментор на дипломски, специјалистички и магистерски трудови и севкупниот ангажман и придонес во научно-истражувачката работа, комисијата констатира дека кандидатката д-р Анета Јовковска во тек на својата академска кариера, до денес, ги стекнала потребните вештини, компетенции и квалитети и ги исполнува условите за избор во звањето за кое конкурира.

Презентираниот опус на научни трудови објавени во релевантни списанија со меѓународен уредувачки одбор во земјата и странство, трудови објавени во зборници на трудови од конференции, како и многубројните учества на меѓународни научни конференции и симпозиуми се показател за плодната научно - истражувачка работа на кандидатката д-р Анета Јовковска во изборниот период од 2019 до 2023 година.

Нејзиниот избор во академското звање вонреден професор ќе придонесе за зајакнување на научниот капацитет и натамошен развој на Православниот богословски факултет во Скопје. Рецензентската комисија високо ја оценува нејзината наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-применувачка дејност.

Во согласност со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година), Комисијата утврди дека д-р Анета Јовковска остварила вкупно **153,45** бодови, со што го надминува лимитот кој е неопходен за избор во звањето вонреден професор.

Од тие причини, ни претставува посебна чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет во Скопје да ја избере д-р Анета Јовковска во звањето **вонреден професор** од областа **Христијанска педагогија**.

**Рецензентска комисија:**

**проф. д-р Анета Баракоска, претседател**

---------------------------------------------

**проф. д-р Ѓоко Ѓорѓески, член и**

---------------------------------------------

**проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, член**

---------------------------------------------

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** *Анета Милорад Јовковска*
(име, татково име и презиме)

**Институција:** *Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје*
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** *Христијанска педагогија*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>**Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8.92**<br>**Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8.20**<br>**Просечниот успех изнесува 8.56 за интегрираните студии.** | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира: **Доктор по педагошки науки.**<br>Назив на научните области: **Христијанска педагогија**<br>Поле**: Образование.**<br>Подрачје: **Општествени науки.** | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.<br>**1.**<br>1. Назив на научното списание: Occasional Papers on Religion in Eastern Europe<br>2. Назив на електронската база на списанија: ATLA Religion Database, Google Scholar, WorldCat, BASE, EBSCO Discovery Service, EBSCOhost's Academic Search Premier and Clarivate's Web of Science Core Collection.<br>3. Наслов на трудот: Aneta Jovkovska, "Is There | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Discrimination Against Women by the Orthodox Church in the Republic of North Macedonia?" Occasional Paper on Religion in Eastern Europe, Volume 41, Issue 6, Article 5, George Fox University, 2021 Available at: https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol41/iss6/5.<br>4. Година на објава: 2021<br>**2.**<br>1. Назив на научното списание: Occasional Papers on Religion in Eastern Europe<br>2. Назив на електронската база на списанија: ATLA Religion Database, Google Scholar, WorldCat, BASE, EBSCO Discovery Service, EBSCOhost's Academic Search Premier and Clarivate's Web of Science Core Collection.<br>3. Наслов на трудот: Gjorgjevski, Gjoko; Cacanoska, Ruzhica; Blazhevski, Ivan; and Jovkovska, Aneta (2022) "Macedonian Orthodox Church-Archbishopric of Ohrid and Its Arduous Road to Autocephaly," Occasional Papers on Religion in Eastern Europe: Vol. 42: Iss. 6 , Article 2. DOI: https://doi.org/10.55221/2693-2148.2367. Available at: https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol42/iss6/2.<br>4. Година на објава: 2022 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br>1.<br>1. Назив на научното списание: Religious Dialogue and Cooperation No 3/2022 Volume III<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>Вкупен број членови: 23 North Macedonia (5), Serbia (2), Poland (2), Italy (2), Croatia (2), Bosnia and Herzegovina (1), United Kingdom (2), Bulgaria (1), Netherlands (1), Finland (1), USA (1), Romania (1), France (1), Hungary (1).<br>3. Наслов на трудот: Christianity and Islam in the Context of Contemporary Culture: New Perspectives on Dialogue and Mutual Understanding<br>4. Година на објава: 2022 | ДА |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: ____________<br>4. Година на објава: ____________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>**1.**<br>1. Наслов на книгата:<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување:<br>**2.**<br>1. Наслов на книгата:<br>- Наслов на дел од книгата:<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД:<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br>**1.**<br>1. Назив на зборникот: Зборник на трудови од Меѓународната конференција „Света Софија – Премудроста која си изгради дом“, Охрид - Струга 11-13 октомври 2019<br>2. Назив на меѓународниот собир: „Света Софија – Премудроста која си изгради дом“, Охрид - Струга 11-13 октомври 2019<br>3. Имиња на земјите: Италија, Романија, Хрватска, Бугарија и Македонија<br>4. Наслов на трудот: Воспитување во стравот Господен како почеток на мудроста<br>5. Година на објава: 2020<br>**2.**<br>1. Назив на зборникот: Religion – Proceeding of the 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies “Days of Justinian I”, Skopje, 13-14 November, 2020<br>2. Назив на меѓународниот собир: Religion - 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies “Days of Justinian I”<br>3. Имиња на земјите: North Macedonia, Croatia, Italy, Bulgaria, USA, Sweden, Scotland.<br>4. Наслов на трудот: Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 5. Година на објава: 2021<br><br>**3.**<br>1. Назив на зборникот: Ideology – Proceeding of the 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 12-14 November, 2021<br><br>2. Назив на меѓународниот собир: Ideology - 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I"<br>3. Имиња на земјите: North Macedonia, Croatia, Italy, Bulgaria, USA, Sweden, Scotland.<br>4. Наслов на трудот: Образовната идеологија во Византија<br>5. Година на објава: 2022<br>**4.**<br>1. Назив на зборникот: Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences. Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy, Struga, Sept. 2–5 September 2020<br><br>2. Назив на меѓународниот собир: Science and Society - International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy, Struga, Sept. 2–5 September 2020<br>3. Имиња на земјите: North Macedonia, Austria, United Kingdom, Italy, Portugal, Turkey, Russia, Bulgaria, Croatia, Bosnia and Herzegovina.<br>4. Наслов на трудот: Education as a universal human value<br>5. Година на објава: 2021 | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Датум на објава _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи:<br>2. Место и година на објава: | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засновав работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Анета Милорад Јовковска**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** *Христијанска педагогија*

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | **Летен семестар 2018/19 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно (вкупно 75 часа);<br>- историја на религиите – 4 часа неделно (вкупно 60 часа);<br>дидактика– 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Зимски семестар 2019/20 година:**<br>- христијанска педагогија - 3 часа неделно (вкупно 45 часа).<br>**Летен семестар 2019/20 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно (вкупно 75 часа);<br>- историја на религиите – 4 часа неделно (вкупно 60 часа);<br>- дидактика– 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Зимски семестар 2020/21 година:**<br>- христијанска педагогија - 3 часа неделно (вкупно 45 часа).<br>**Летен семестар 2020/21 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно (вкупно 75 часа);<br>- историја на религиите – 4 часа неделно (вкупно 60 часа);<br>- дидактика– 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Зимски семестар 2021/22 година:**<br>- христијанска педагогија - 3 часа неделно (вкупно 45 часа).<br>**Летен семестар 2021/22 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно (вкупно 75 часа);<br>- историја на религиите – 4 часа неделно (вкупно 60 часа).<br>**Зимски семестар 2022/23 година:**<br>- христијанска педагогија - 3 часа неделно (вкупно 45 часа).<br>**Летен семестар 2022/23 година:**<br>- христијанска методика на наставата - 5 часа неделно (вкупно 75 часа);<br>- историја на религиите – 4 часа неделно (вкупно 60 часа).<br><br>**Вкупно 885 часа** | 35,4 |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Одржување на вежби** | |
| | **Летен семестар 2018/19 година:**<br>дидактика– 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Зимски семестар 2019/20 година:**<br>- христијанска педагогија - 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Летен семестар 2019/20 година:**<br>- дидактика– 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Зимски семестар 2020/21 година:**<br>- христијанска педагогија - 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Летен семестар 2020/21 година:**<br>- дидактика– 1 час неделно (вкупно 15 часа).<br>**Зимски семестар 2021/22 година:**<br>- христијанска педагогија - 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Летен семестар 2021/22 година:**<br>/<br>**Зимски семестар 2022/23 година:**<br>- христијанска педагогија - 2 часа неделно (вкупно 30 часа).<br>**Летен семестар 2022/23 година:**<br>/<br>**Вкупно 165 часа** | 4,95 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | 1,2 |
| **4.** | **Подготовка на *нов* предмет** | |
| | 1. Историја на религиите (предавања) | 1 |
| **5.** | **Интерна скрипта од предавања** | |
| | 1. Интерна скрипта од предавања по предметот *христијанска педагогија* | 4 |
| | 2. Интерна скрипта од предавања по предметот *христијанска методика на наставата* | 4 |
| | 3. Интерна скрипта од предавања по предметот *дидактика* | 4 |
| **6.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | 1. Пакет материјали за предметот *историја на религиите* | 1 |
| **7.** | **Менторска настава** | |
| | 1. Ментор на специјалистичка работа (2 пати)<br>2. Член на Комисија на одбрана на дипломски труд (4 пати)<br>3. Член на комисија на одбрана на специјалистички труд (еднаш)<br>4. Член на комисија на одбрана на магистерски труд (2 пати) | 2<br>0,4<br>0,2<br><br>0,6 |
| **8.** | **Настава во школи и работилници** | |
| | 1. 300 часа практична настава за гешталт психотерапевт како едукант во Гешталт центарот „Младен Костиќ – Аспекти" во Скопје, акредитиран од Европската акредитација за гешталт психотерапија (ЕАГТ), Скопје 2020-2023; | 1 |
| | 2. Учесник на работилница: „2 European Deaf Christian Bible Translation Training", Талин, Естонија 1-4 ноември 2019; | 1 |
| | 3. Учесник на работилница „I vjernice i građanke", Сомбор, Србија, 18-20.10. 2019; | 1 |
| | 4. Учесник на специјализирана обука за проективната техника BASIC Ph, Скопје, 18.05. 2021; | 1 |
| | 5. Учесник на специјализирана обука: „Dialogic process and listening perspectives in Gestalt therapy", Скопје, 30-31.01. 2021;; | 1 |
| | 6. Учесник на специјализирана обука „Depressive phenomena and narcissism – relational phenomenological gestalt | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | perspective", Скопје, 25-26.02. 2022; | |
| | 7. Учесник на специјализирана обука „Заплеткувања во системските констелации – модул 2", Скопје, 29.10.2022; | 1 |
| | 8. Учесник на работилница „Transnational Family Dynamics in Europe" , Brussels, Belgium, 3-5.10.2022 | 1 |
| | 9. Учесник на работилница „Capacity Building for Engagement of Male Alies", OSCE ODIHR, Warsaw, Poland, 8-9.12.2022 | 1 |
| | **Вкупно** | **67,75** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | |
| | National Committee Member во меѓународен научен проект: COST Action: CA21143 - Transnational Family Dynamics in Europe (2022 – 2026). | 6 |
| 2. | **Дел од монографија** | |
| | 1. Јовковска Анета, Воспитното значење на проповедите и беседите на Архиепископот Доситеј во монографијата *Возобновителот – Споменица во чест на Архиепископот Охридски и Македонски Доситеј*, Скопје, КОВЗРГ, 2021 (259-268). | 4 |
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | 1. Aneta Jovkovska, "Is There Discrimination Against Women by the Orthodox Church in the Republic of North Macedonia?" Occasional Paper on Religion in Eastern Europe, ISSN 2693-2148, Volume 41, Issue 6, Article 5, George Fox University, 2021 Available at: https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol41/iss6/5 | 6 |
| | 2. Gjorgjevski, Gjoko; Cacanoska, Ruzhica; Blazhevski, Ivan; and Jovkovska, Aneta, "Macedonian Orthodox Church-Archbishopric of Ohrid and Its Arduous Road to Autocephaly," Occasional Papers on Religion in Eastern Europe: Vol. 42 : Iss. 6 , Article 2, George Fox University, 2022. DOI: https://doi.org/10.55221/2693-2148.2367. Available at: https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol42/iss6/2 | 3,6 |
| | 3. Jovkovska Aneta, Gjorgjevski Gjoko, "Christianity and Islam in the Context of Contemporary Culture: New Perspectives on Dialogue and Mutual Understanding", Religious Dialogue and Cooperation, No 3/2022 Volume III, UDC: 316.342.7(497.771/.772), Faculty of Filosophy, Skopje, 2022 (52-60). Available at: http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/rdc/RDC%2003.01%20(2022)/RDC%202022-No.3.08-Jovkovska%20Aneta.%20Gjorgjevski%20Gjoko.pdf | 5,4 |
| 4. | **Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Јовковска Анета, „Воспитување во стравот Господен како почеток на мудроста",Зборник на трудови од Меѓународната конференција „Света Софија – Премудроста која си изгради дом", Охрид - Струга 11-13 октомври 2019, Скопје: Контура, 2020 (233-248). http://hdl.handle.net/20.500.12188/21959 | 3 |
| | 2. Jovkovska Aneta, "Education as a universal human value", Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences. Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy (Struga, Sept. 2–5 September 2020), Duev Ratko et al. (ed.). Skopje: Faculty of Philosophy 2021, (395-406). http://hdl.handle.net/20.500.12188/21913 | 3 |
| | 3. Јовковска Анета, „Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци",Religion – Proceeding of the 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 13-14 November, 2020, Уредник: Митко Б. Панов, Скопје: Институт за национална историја, 2021. http://hdl.handle.net/20.500.12188/21954 | 3 |
| | 4. Јовковска Анета, „Образовната идеологија во Византија", Ideology – Proceeding of the 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 12-14 November, 2021, Уредник: Митко Б. Панов, Скопје: Институт за национална историја, 2022. | 3 |
| 5. | **Трудови објавени во Зборник на трудови на високо-образовна институција** | |
| | 1. Јовковска Анета, „Принципи на работа на наставникот во сферата на духовното воспитание и образование", *Годишен зборник. Книга 21-22.* Православен богословски факултет, Скопје, 2015-2016 (123- 138). *Зборникот излезе од печат во 2019 година. http://hdl.handle.net/20.500.12188/21964 | 2 |
| | 2. Јовковска Анета, „Карактеристики на динамичните компоненти на духовното воспитание како педагошки процес", *Годишен зборник. Книга 23-24.* Православен богословски факултет, Скопје, 2017-2018 (41- 60). *Зборникот излезе од печат во 2019 година. http://hdl.handle.net/20.500.12188/21963 | 2 |
| | 3. Јовковска Анета, „Методи и принципи на воспитанието на децата во Стариот и Новиот завет", *Годишен зборник. Книга 25-26.* Православен богословски факултет, Скопје, 2019-2020 (79-94). http://hdl.handle.net/20.500.12188/21962 | 2 |
| | 4. Јовковска Анета, „Местото и улогата на жената во Црквата и општеството (I дел)", *Годишен зборник. Книга 27.* Православен богословски факултет, Скопје, 2021 (73- 88). http://hdl.handle.net/20.500.12188/21961 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. Јовковска Анета, „Местото и улогата на жената во Црквата и општеството (II дел)", *Годишен зборник. Книга 28.* Православен богословски факултет, Скопје, 2022 (61- 74). http://hdl.handle.net/20.500.12188/21961 | 2 |
| 6. | **Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | 1. Анета Јовковска, „Застапеноста на религиското образование во Европските земји", *Втората деценија со предметот Етика во религиите (искуства и предизвици)*, Скопје: Фондација Кондрад Аденауер, 2023. https://www.kas.de/documents/281657/281706/Vtora+decenija+so+predmetot+Etika+vo+religiite.pdf/37d76c50-cf46-cbee-d1f5-a9577061b176?version=1.0&t=1676897402090 | 2 |
| 7. | **Апстракт објавен во Зборник на меѓународна конференција** | |
| | 1. Jovkovska Aneta, Gjorgjevski Gjoko, "Christianity and Islam in the Context of Contemporary Culture: New Perspectives on Dialogue and Mutual Understanding", Religious Dialogue and Cooperation, Book of abstracts, Faculty of Filosophy, Skopje, 2022 | 1 |
| | 2. Јовковска Анета, „Воспитување во стравот Господен како почеток на мудроста", Книга на апстракти од Меѓународната конференција „Света Софија – Премудроста која си изгради дом", Охрид - Струга 11-13 октомври 2019, Скопје: Контура, 2020. | 1 |
| 8. | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | 1. Меѓународната научна конференција „Света Софија – Премудроста која си изгради дом", реферат на тема: „Воспитување во стравот Господен како почеток на мудроста", Охрид - Струга 11-13 октомври 2019. | 1 |
| | 2. Меѓународна научна конференција „Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences", реферат на тема: "Education as a universal human value", Struga, 2–5 September 2020. | 1 |
| | 3. Меѓународен научен симпозиум „Religion – 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies Days of Justinian I", реферат на тема „Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци", Skopje, 13-14 November, 2020. | 1 |
| | 4. Меѓународен научен симпозиум „Ideology – 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies Days of Justinian I", реферат на тема „ Образовната идеологија во Византија ", Skopje, 12-14 November, 2021. | 1 |
| | 5. "2nd European Conference for Religious Dialogue and Cooperation", реферат на тема: "Christianity and Islam in the Context of Contemporary Culture: New Perspectives on Dialogue and Mutual Understanding", Struga, 13-16 June 2022. | 1 |
| | 6. Четврти Светиклиментов научен собир „Образование", реферат на тема: „Воспитување на волјата од аспект на педагогијата, психологијата и христијанската антропологија", Скопје, 6.12.2020. | 1 |
| | 7. Петти Светиклиментов научен собир „Сеќавање", реферат на | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | тема: „Улогата на колективното сеќавање во наставата по религиско образование", Скопје, 7.12.2021. | |
| | 8. | Научно-стручен собир „Втората деценија со предметот Етика во религиите (искуства и предизвици", реферат на тема „Застапеноста на религиското образование во Европските земји", Скопје, 16.02.2023. | 1 |
| | **Вкупно** | | **59** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Превод на книга од стручна област** | |
| | 1. *Библиски четива – Илустрирана Библија за млади*, коментари и белешки: Скот Хејс и Лин Р. Камп, превод на македонски: Анета Јовковска, Источноевропска мисија, 2022. | 3 |
| | 2. Мајкл К. Армур, *Библија за млади читатели*, превод на македонски: Анета Јовковска, Источноевропска мисија, 2022. | 3 |
| 2. | **1. Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** | |
| | 1. Предавање на регионалната школа „Феминизам и религија" на тема: „Улогата на жената во Православната црква – феминистичка теологија, православие, релевантност и традиција" – 04.03.2023. | 0,5 |
| 3. | **2. Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| | 1. Член на Координативното тело за кредит-трансфер системот на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје | 0,5 |
| | 2. Член на Комисијата за еквиваленција на Православниот *богословски факултет„Св. Климент Охридски"*, Скопје | 0,5 |
| | 3. Претседател на комисијата за изготвување студентски анкети при Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје | 0,5 |
| | 4. Член на уредувачки одбор за Билтенот на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. Претседател на одборот за соработка и доверба при Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје | 1 |
| | 6. Раководител на програмата за втор циклус студии на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје | 2 |
| | 7. Раководител на програмата за трет циклус студии на Православниот богословски факултет„Св. Климент Охридски", Скопје | 2 |
| | 8. Член на Универзитетски сенат при УКИМ | 2 |
| | 9. Член на Универзитетска изборна комисија за избор на ректор при УКИМ | 1 |
| | 10. Член на Комисија за избор во звање | 0,2 |
| | 11. Автор на две наставни програми за четврто одделение – деветгодишно основно училиште | 1 |
| | 12. Коавтор на две наставни програми за шесто одделение – деветгодишно основно училиште | 1 |
| | 13. Член на факултетска комисија за приемен испит на додипломски студии (2021) | 0,5 |
| | 14. Претседател на факултетска комисија за приемен испит на додипломски студии (2022) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 15. Секретар на Годишниот зборник на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје (од 2023) | 0,5 |
| | 16. Одржување на веб страната на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје | 0,5 |
| | **Вкупно** | **20,7** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** **3.** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **4. Проекти** | |
| | 1. Автор и раководител на проектот: „Empowering women through capacity building, personal development and self-confidence " (2020) | 2 |
| | 2. Автор и раководител на проектот: „ I can say NO - psychological-educational workshops" (2021). | 2 |
| | 3. Координатор на проектот „Follow Me: The life of Jesus in Macedonian Sign Language" при Македонското библиско здружение (2016-2023). | 1 |
| **2.** | **5. Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | 1. Член на ALUMNI Асоцијацијата (од 2009 година) | 1 |
| | **Вкупно** | **6** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 67,75 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 59 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 20,7 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 6 |
| **Вкупно** | **153,45** |

*Средна оценка од студентската анкета за наставните предмети христијанска педагогија, дидактика, методика на религиската настава и историја на религиите од 2019 до 2023 година = 9,99.*

**Рецензентска комисија:**

**проф. д-р Анета Баракоска, претседател**

---------------------------------------------

**проф. д-р Ѓоко Ѓорѓески, член и**

---------------------------------------------

**проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, член**

---------------------------------------------